Врз основа на член 31 став  9 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија” бр. 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15, 23/16 и 190/17), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПАУШАЛНО ПЛАЌАЊЕ НА ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

("Службен весник на Република Македонија" број 197/17)

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за паушално плаќање на персонален данок на доход.

## Член 2

Барањето за паушално плаќање на персонален данок на доход се поднесува на образец „ПДД-П“  изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за паушално плаќање на персонален данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/16).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2018 година.